## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО НЕВРОЛОГИЈА” ОД ДОЦ. Д-Р АНИТА АРСОВСКА, ПРОФ. Д-Р СТИПИЦА ПОПОВСКИ, М-Р Д-Р ЗОРАН АРСОВСКИ, АСС. Д-Р ЕЛЕНА СИМЕОНОВСКА-ЈОВЕВА, Д-Р ЕМИЛИЈА ГОРЃИЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2502-246/52 од 103. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 11.11.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Анте Поповски, редовен професор во пензија,
- проф. д-р Лилјана Илиевска, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Практикум по практична настава по Неврологија“ од доц. д-р Анита Арсовска, проф. д-р Стипица Поповски, м-р д-р Зоран Арсовски, асс. д-р Елена Симеоновска-Јовева, д-р Емилија Горѓиева, наменет за студентите од прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за практикумот со наслов „Практикум по практична настава по Неврологија“ претставува самостојно дело на авторите за предметот Неврологија, наменето за студентите по општа медицина (8 семестар, со фонд на часови 3+1+1), за студентите на стоматологија (1+1+1), за медицински сестри (2+2+1), за физиотерапевти (1+1+1) и за оптометристи (2+0+1).

Приложениот ракопис за практикумот е во согласност со Наставната програма по предметот Неврологија и комплетно ја опфаќа наставната материја.

Ракописот за практикум е напишан на македонски јазик, лесно разбирлив и читлив. Се состои од девет поглавија напишани на 91 страница, на А4 формат. Поглавијата ги разработуваат потребните едукативни сознанија за студентите, како што се пристапот кон невролошкиот преглед, начинот на користење на анамнестичките податоци, поделбата на заболувањата на нервниот систем, топографската и анатомската дијагностика на заболувањата на нервниот систем, испитување на невролошкиот статус кај болниот, започнувајќи од соматскиот и невролошкиот статус, испитување на кранијалните нерви, мотилитет, сензибилитет, рефлексите, менингеалните знаци и автоновниот нервен систем. Комплетирајќи го невролошкиот статус, следното поглавје ги опфаќа дијагностичките методи што се користат во неврологијата, надополнет со описот на нормалниот невролошки статус кој студентите можат соодветно да го научат со што би можеле да ги разликуваат патолошките наоди во нарушувањето на нервниот систем. Литературата што е користена се состои од 22 домашни и странски современи автори, а на последната страница е прикажана содржината на ракописот за практикум.

Ракописот за практикумот е богато илустриран со 29 слики, кои на студентот му овозможуваат практично да го разјасни напишаниот текст и да му ја прикаже суштината на невролошкиот преглед.

Ракописот за практикум е приспособен за практичната настава на студентот, со дополнителни сознанија во неговата понатамошна работа со пациентите и овозможувајќи

му збогатување на знаењето во разрешување на патологијата на невролошките заболувања. Воедно, ракописот за практикум овозможува долготрајна едукација не само на студентот, туку и на лекарот невролог, кој секогаш може да се послужи со сознанијата што тука се прикажани.

Сметаме дека овој ракопис за практикум ќе биде користен во медицинската едукација на студентот и неговите сознанија во склоп на медицинската наука, како голема помош во разрешување на проблематиката на невролошката патологија.

Овој ракопис за практикум по Неврологија има високи научни квалитети и од педагошки аспект комплетно ги задоволува потребите на студентите кои ќе го ползуваат за своето образување и надградување од областа на практичната настава по неврологија.

Досега на Факултетот по медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип не е објавен ваков ракопис за практикум по предметот Неврологија.

**З А К Л У Ч О К**

Поради тоа, предлагаме овој ракопис да се категоризира како ракопис за практикум со наслов „Практикум по практична настава по Неврологија“.

Препорачуваме овој ракопис за практикум да се користи за практичната настава и за понатамошна едукација на студентите на медицина и стоматологија, како и за едукацијата на медицинските сестри, оптометристи и физиотерапевти на Факултетот по медицинските науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Анте Поповски,**
**редовен професор во пензија, с.р.**
**Проф. д-р Лилјана Илиевска,**
**редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СКРИПТА ПО НЕВРОЛОГИЈА” ОД ДОЦ. Д-Р АНИТА АРСОВСКА, ПРОФ. Д-Р СТИПИЦА ПОПОВСКИ, М-Р Д-Р ЗОРАН АРСОВСКИ, АСС. Д-Р ЕЛЕНА СИМЕОНОВСКА-ЈОВЕВА, Д-Р ЕМИЛИЈА ГОРЃИЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2502-246/51 од 103. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 11.11.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Анте Поповски, редовен професор во пензија,
– проф. д-р Лилјана Илиевска, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Скрипта по Неврологија“ од доц. д-р Анита Арсовска, проф. д-р Стипица Поповски, м-р д-р Зоран Арсовски, асс. д-р Елена Симеоновска-Јовева, д-р Емилија Горѓиева, наменет за студентите од прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Скрипта по Неврологија“ претставува самостојно дело на авторите за предметот Неврологија, наменето за студентите на општа медицина (8 семестар, со фонд на часови 3+1+1), за студентите на стоматологија (1+1+1), за медицински сестри (2+2+1), за физиотерапевти (1+1+1) и за оптометристи (2+0+1).

Приложениот ракопис за скрипта е во согласност со Наставната програма по предметот Неврологија и комплетно ја опфаќа наставната материја.

Ракописот „Скрипта по Неврологија“ е напишан на македонски јазик, лесно разбирлив и читлив. Ракописот за скрипта се состои од 22 поглавја напишани на 209 страници, А4 формат. Поглавијата ги разработуваат потребните едукативни сознанија на студентите на медицина, како што се пристапот кон анатомијата на нервниот систем, синдромите на периферниот и централниот нервен систем, висинската локализација на сензитивните синдроми, проблемите на говорот, праксијата и гнозијата. Следат описот на дијагностичките методи во неврологијата, оштетувањата на кранијалните нерви, болните синдроми во неврологијата, проблемите со главоболките, епилепсијата, итните состојби во неврологијата, цереброваскуларните заболувања, заболувањата на малиот мозок, проблемите со покачениот интракранијален притисок, заболувањата на екстрапирамидниот систем, деменциите, воспалителните промени на нервниот систем, невроимунологијата и генетиката на нервниот систем, демиелинизаторни заболувања, заболувања на периферниот нервен систем, заболувањата на мускулите и заболувањата на ‘рбетниот мозок.

Литературата што е користена се состои од 25 современи домашни и странски автори, а на последната страница е прикажана содржината на учебникот.

Ракописот „Скрипта по Неврологија“ е богато илустриран со 104 слики, кои на студентот му овозможуваат практично да го разјасни напишаниот текст и да му се прикаже суштината на невролошките заболувања и проблемите што произлегуваат од наведената проблематика.